РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

UNDP
Empowered lives.
Resilient nations.

Агенција за вработување на Република Македонија

Општина Кочани

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 03-852/8
15-05 2015 год.
КОЧАНИ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу УНДП и Општина Кочани, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2015 година и Програмата за вработување на Владата на РМ за активните програми и мерки за вработување за 2015 година, Општина Кочани и Агенцијата за вработување на РМ на ден 15.05.2015 година објавуваат:

## ЈАВЕН ОГЛАС

### до евидентираните невработени лица за вклучување во Програмата „Општинско корисна работа“

1. Се повикуваат евидентираните невработени лица, кои се заинтересирани да се вклучат во програмата „Општинско корисна работа„ проект „Подадена рака " заради работно ангажирање за период од 6 (шест) месеци, да се пријават во Агенцијата за вработување - Центар за вработување во Кочани.

2. Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во програмата „Општинско корисна работа„ ќе бидат работно ангажирани со 20 работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци, статусот на невработените лица ќе им остане непроменет, а корисниците на социјална помош за време на работниот ангажман ќе го задржат правото на користење на социјална помош.

3. Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во програмата „Општинско корисна работа“, ќе бидат работно ангажирани во градот и населени места во општина Кочани.

4. За секој кандидат кој ќе биде избран и вклучен во програмата „Општинско корисна работа“, се предвидува паричен надомест во бруто износ од 6.200 денари месечно, (со вклучен персонален данок и осигурување во случај на повреда при работа).

5. Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во програмата „Општинско корисна работа“, треба да спаѓаат во категориите на невработени лица со умерени потешкотии при вработување ( тешко вработливи лица).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

UNDP
Empowered lives.
Resilient nations.

Агенција за вработување на
Република Македонија

Општина Кочани

**Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:**

- 1 (едно) лице за пружање психолошки услуги со завршено ВСС – Филозовски факултет - група психологија;
- 3 (три) лица за едукатори / воспитувачи со завршено ВСС - Педагошки факултет;
- 2 (две) лица за работа во Центарот за спроведување на акцијата “На заборавеното да му дадеме душа“- со завршено минимум средно образование, со искуство за работа во невладин сектор;
- 4 (четири) лица за пружање на услуги на стари и изнемоштени лица и лица со хендикеп– со завршено минимум основно образование, по можност да има и лица од рурални средини;
- 1 (едно) лице за извршување работи посредник/ делење на храна- со завршено основно или средно образование;

6. Заинтересираните невработени лица од точка 5 на овој Јавен оглас, пријави можат да поднесат во Центарот за вработување во Кочани, од 15.05.2015 година до 22.05.2015 година.

7. Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Општина Кочани и кандидатите.

Детални информации за програмата „Општинско корисна работа„ можат да се добијат во: Агенцијата за вработување во Кочани кај Ивана Зашева, Центарот за социјални работи кај Марија Гицова , ЗСЗЗ “Благородна мисија“ кај Лидија Ефтимова и Општина Кочани кај Аника Илијевска Ѓорѓиева.

Изготвил:А.И.Ѓ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

Градоначалник
Ратко Димитровски